

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
1947

ISSN 1409-6005

# СТОЖЕР

Ревија за литература, култура и уметност

год. XXII бр. 127 2018, цена 40 ден.




Јагода Михајловска-Георгиева
**МАНАСТИР ФУЕНТЕРАБИЈА**



Владимир Плавевски
**АМАРКОРД**



Аријан Лека
**ИСТРЕБУВАЊЕТО НА ДРУГИОТ ОД МЕТЕОРОЛОШКАТА КАРТА**

***МИЛАН ЃУРЧИНОВ***
***1928 - 2018***

## СОДРЖИНА

Милан Ракуљ
ДЕВЕДЕСЕТ И ВТОРАТА .................................. 2
Трајче Кацаров
ПОЕЗИЈАТА И ЧИТАТЕЛИТЕ............................ 3
Христо Петрески
СТАВ ............................................................... 4
Ана Витанова-Рингачева
ПОСЛАНИЕ ОД НЕБРЕГОВО............................ 6
Милан Ѓурчинов
КУЛТУРАТА – МЕЃУ МОНДИЈАЛИЗМОТ И ТРАНЗИЦИЈАТА.......................................................................... 8
Соња Стојменска-Елзесер
ЗБОГУВАЊЕ СО МИЛАН ЃУРЧИНОВ..................... 11
Елизабета Шелева
ПОСТ СКРИПТУМ......................................... 12
Лорета Георгиевска-Јаковлева
IN MEMORIAM............................................. 14
Гоце Смилевски
КОМЕМОРАТИВНА РЕЧ ЗА М. ЃУРЧИНОВ.... 16
Трајче Кацаров
КОЊАК НАМЕСТО ЧАЈ, И ТОА ВО МАНУ ..... 18
УНИКАТЕН СЛЕМ-ФЕСТИВАЛ ВО СЛОВЕНИЈА .. ..................................................................... 19
Преведена поезија
Ерол Туфан ................................................ 21
Преведена проза
Билјана Станковска .................................... 23
Преведена поезија
Васо Николоски .......................................... 26
Преведена поезија
Мирослав Демак ....................................... 28
Преведена проза
Аријан Лека ................................................ 30
Ана Витанова-Рингачева
СТОЖЕРНАТА МИСЛА НА РОДОЉУБИВИОТ ТРИПТИХОН ............................................... 32
Васил Тоциновски
РАЦИН Е НАША МАКЕДОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА .................................... 34
Мишел Павловски
ПОСЛАНИЕ, ЕСЕЈ, ПЕСНИ .............................. 36
Соња Стојменска-Елзесер
ПРОНАЈДЕНА ВО ПРЕВОДОТ, ОСТВАРЕНА ВО СТИХОТ ........................................................ 38
Јагода Михајловска-Георгиева
МАНАСТИР ФУЕНТЕРАБИЈА ......................... 40
Владимир Плавевски
5-РЕ ............................................................. 44
Киро Донев
КАКО ДА Ѝ СЕ ДОБЛИЖИМЕ НА КНИГАТА ... 46
Киро Донев
СЛОВО ЗА ЗМИЈАТА .................................... 47




Пишува: *Трајче КАЦАРОВ*

# ПОЕЗИЈАТА И ЧИТАТЕЛИТЕ

Поезијата, исто како и растенијата, се сади и се одгледува сè додека не почне да раѓа цветови. Штом ќе расцвета, некои ја оставаат како убавите жени, што би рекол Конески, бргу да овене, а некои пак ги берат цветовите и со нив, како што се украсуваат младоженци на свадба, го китат животот, каков и да е.

Ако имаме поинаков пристап кон поезијата, тврдиме со сигурност дека ќе се загубиме во преводот. Но кои се тие што го одредуваат таквиот процес на работа, на создавање поезија? Од едната страна се поетите, авторите, а од другата се читателите. Зошто го велиме ова? Зашто поезијата не ја прават само авторите, туку и читателите. И во најскудните општествени услови за уметноста, двата етникума даваат иманентен придонес за нејзиниот опстанок. Еве еден пример од човековата историја кој мошне експлицитно ја потврдува нашата согледба. Кога на генералисимусот Сталин му побарале пари за печатење на книга, прашал: За каква книга станува збор? Му рекле за поезија со љубовна тематика. Дал наредба да се отпечати книгата во два примерока, еден за авторот, другиот за девојката која била инспирација за авторовата поетска артикулација. Ете, и тој знаел дека делото – во дадениот случај поетското – за да има своја функција, мора да има создател и почитувач. Јас дури и напишав една песна чии завршни стихови потсетуваат на тоа дека на писателите славни само читателите верни им се рамни.

Авторите и читателите функционираат по принципот на споени садови. За да се поддржи функционалноста, треба колку што има течност во едниот толку да има и во другиот сад. За жал, од таквиот принцип отстапуваат многу манифестации и фестивали правени во името на поезијата. Најчесто течноста е до врвот на едниот сад, оној што го претставува поетот, а е до дното, или воопшто ја нема во садот што ги претставува читателите. Трагичното е во тоа што таквиот дисбаланс никого не го потресува. Зашто на поетите важно им е да имаат отпечатена книга, а на оние кои треба да бидат консументи важно им е да имаат можност да изберат друга, или поинтересна забава.

И годинава се одржаа Стушките вечери на поезијата. Се изнаредија поетите од сите меридијани на мостот, се поделија наградите, си разменија поетите адреси и си заминаа, некои засекогаш, некои за да се вратат повторно. СВП заврши, но не и дилемата – Имаат ли поетите славни во нашава страдалница Македонија и низ светот, читатели верни кои ќе им бидат рамни?

П. С. Еднаш, за време на „Меридијани", дел од програмската содржина на СВП, додека претставници од дваесетина земји од планетата ги читаа своите стихови, од звучникот на минарето од најблиската џамија до Домот на културата во Струга, на сет глас екна вечерната молитва. Додека траеше вечерната на муезинот, претставникот на Бугарија скокна на нозе и почна да се крсти и со левата и со десната рака. Камерите на МРТ не го регистрираа перформансот на бугарскиот поет.

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

# ПОСЛАНИЕ ОД НЕБРЕГОВО



За едно патување до утробата на нашето битисување и назад необично беше патувањето до Небрегово. За мене и за мојата пријателка,- поетесата Сузана Мицева, патот до таму значеше освојување на еден свет, во чие средиште беше папокот на македонската научна и книжевна мисла. Да, требаше да сестигне до Небрегово, до бистрите кајнаци од кои се напојувала мислата на великанот на македонската книжевна и научна мисла, Блаже Конески. Поканети да учествувамена промоцијата на четвртиот зборник трудови посветени на ликот и делото на Конески, со наслов „Како го читам Конески", фондацијата Небрегово нè исправи предпредизвикот да го „читаме" неговото дело и да ја посетиме неговата родна куќа. Патот до селото, кривулест и тесен, го пресекуваше полето на две и одважно смело простирајќи се во недоглед, се стремеше да ни покаже дека овде хоризонтот не е недофатлив. Тој пат е крвотокот што ја хранел Блажевата мисла, години по неговото заминување од утробата на мајката-создателка. Таа врска никогаш не се прекинала, останала да постои и денес, кога неговото присуство е во сферите на духовното и кога со него општиме преку она што го создаде како оставнина за својот народ. Разминувајќи се со пространите ширини на прилепското поле, пред мене како да одминуваа некогашните постојани жители, на сега веќе пустите села. Убавите жени наведнати над тутуните, со пожолтени лица и некоја чудесно сокриена насмевка истамените мажи со арари на грбот како да чекаа мегдан да се пресметаат со маката. Се прашував: која била силата што го откорна Конески од родното Небрегово, за да замине и да стане пастир, кој носејќи светлина на врвот од своите прсти, ќе му го покажеа патот на своето смачкано племе?! Тоа беше мисијата на Блаже Конески, поет, лингвист, книжевен историчар, кој цел еден творечки век посвети на издигнувањето на својот народ и на неговата достојна опстојба. Трајна е и безвремена убавината на пораките во неговото дело. Таа убавина секогаш блеснува озарена од светлината, како каменот од куќата кој убавее, горд дека ги крепи ѕидовите на Блажевиот дом. Во него, заедно водата, воздухот и земјата заедно, создале цврста симбиоза на неуништливост, издржливост и вечност, метафора за нашето постоење, потврдено преку оставнината на Конески. Таква чесност и искреност пред поезијата, невозможно е да се согледа и замисли. Конески го издигна своето Небрегово до ниво на култ, на светилиште во кое коските на предците верно го чуваат пламенот да не згасне. Поминувајќи покрај црквата во Небрегово, под стапалата ги чувствував корените, како да ја копачеа земјата за да се издигнат и да провикнат дека сè уште се живи, тука се, длабоко до најмрачните бездни на нашето опстојување. И тука, еве го, ме пресретнува тој дрзок селски дух, оној кој со своите испукани, но грамадни дланки, каменот го цепел, за да изгради светилиште. Поминувам покрај црквичето каде се раѓаше нашата верба во иднината / нашата надеж во бериќетот / и во силата на вистината. („Црква"). Како да го слушам плачот на новороденче чиј прародителски грев токму сега се измива во крштаелникот. Како да ги слушам селските тажачки како ридаат и ја бакнуваат иконата, за да му го осветлат патот на покојникот. Се прашувам: ќе имаше ли смисла да ја сонуваме и посакуваме нашата иднина, ако непостоеше Конески? Небрегово е најгласната метафора на мислата на Конески. Таа мисла е стреа под која на секој пороен дожд, бура и невреме се засолнуваме, стоплени од надежта дека има кој татковски да нè прегрне. На ѕидовите во куќата стојат негови фотографии, портрети, записи од сите достигнувања на полето на науката и литературата.

Но, во таа куќа, покрај старите предмети, синијата, триножникот, старовремеската машина за пченка, ковчезите, живее духот на великанот. Потскокнува немирно како дете кога жедно доаѓа да се напие вода од стомната и уморно легнува да се заспие на креветот под зраците на зајдисонцето. Се буди со лик на уморен старец, сам и страден, со морен поглед и очи истрошени од премногу читање, за да напише уште некое слово, да остави послание утеха и приглед и за нас ништожните. Во работната соба на Конески, во она мало сопче во кое малиот прозорец фрла силна светлина, на масата стои неговата машина за пишување и малото дрвено столче. Сè е толку скромно и едноставно, тивко, а толку зборливо и неискажливо. На масата стои белата мермерна мастилница која како да го скаменила Блажевиот допир, го чува како највредниот артефакт, сведок на нашиот ôд низ времето. Од балконот на неговата куќа се отвораше фасцинантен поглед во недоглед, а бескрајот се чинеше толку блиску. Ширното поле, допирајќи ја линијата на хоризонтот, како да создаваше привид на порта отворена кон бескрајот. Имав чувство дека можам да ја допрам таа линијата на хоризонтот, која беше единствената граница меѓу земното и она недопирливото, а толку присутното. Таа е линијата на вечниот стремеж да се дофати недофатливото, она што Бог го создал како вечен копнеж за нас смртните, но го чува далеку од нашите грабливи раце. И тука, поткачена на катот погоре, се обидов барем за момент да ја замислам возбудата од зајдисонцето што Конески еднаш ни ја раскажа, како првиот импулс кој кај него го разбуди поривот за стихотворење. Таа возбуда ја разбирам како восхит од совршената убавина на природата, таа возбуда тргна да стане метафора за суштината на нашето миговно битисување на овој свет. Таа возбуда значи и соочување со единствената непорекнатата вистина – дека, во залезот на еден човечки живот, започнува раѓањето на новиот, чист и безгрешен. Таквиот, безмалку анимистички приод кон природата се граничи со длабокиот стравопочит на поетот кон неа, матката во која еден ден пак ќе се вгнездиме. Во Небрегово тишината и спокојот заедно суштествуваат. Една тивка тишина воплотена со чудесните создателства на природата, создава некое друго време, толку далечно од реалното. Чиниш оттаму сме тргнале на нашиот долг пат кон очовечувањето и себеиздигнувањето. Таму како да се наслушнуваат воздишките на тишината, кога длабоко воздивнува на паузата меѓу два века. Во едниот, не толку дамнешен, кога му била најблизок собеседник на стихотворецот, и во другиот, овој сегашниот, кога Блажевите стихови нè водат нас „ослепените“ на поклонение пред себе и нашите потомци. Да се поклониме пред портите на тврдината која Конески почна да ја гради за да се пречека злото, / да се преварри неговиот наум / да не стапи понатаму. („Кале“). Извишено стои калето, крепоста која требаше да го чува од зло неговиот народ, оти нели тука наспротив ветрот требаше да се пресечат сите патеки, богази и бразди за да не стигне до нас лошотијата. Ниту некој некогаш ја заузди, ниту пак ѝ го најде коренот. Какво помирување! Измешани беа чувствата кога требаше да се замине од Небрегово. Во потсвеста ми одѕвонуваа неговите стихови, одеа како претходница пред моето конечно напуштање на прагот на светиот дом. Лево од мене распослана Блажевата фасцинација од природата, десно, сите наши порази од судбината, но и мали победи над животот за кои мислиме дека се величествени. На тој пат за мене станаа дофатливи и опипливи сите вистини за кои стихотвореше Конески. За прв пат ја почувствував големата, немерливата општочовечка, колективна, универзална таа димензија на неговиот збор. Таму, во Небрегово, во клунот на птиците чиниш сè уште стои жива недопеаната песна на која Конески ѝ даде име, проста и строга македонска песна. Останува да нè опоменува најголемата вистина, единственото послание: Сето е предвидено –-ние си одиме, а земјата останува. („Послание“)

Во Небрегово, на 8 Септември 2018 година.



ЛАФ МУАБЕТ СО...

# ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Поет. Роден во 1934 година, во време на пченка копање, како прво дете, т.е. како прв доказ за безгранична љубов на неговите родители. Неговото родно место се вика Слоештица и се наоѓа во Демир Хисар, западно од Жван, југоисточно од Басараник, десно од Мренога, лево од Бабино. Иако се родил премногу млад, својата прва средба со светот уште истиот миг ја опеал на сет глас! И , по две преживеани окупации, го ослободи својот талент. Оттогаш пишува слободно. Има и приватна река и приватен живот. Значи, има и недела, ама позначајни му се – делатаЧ: „Јазли“, „Ни на небо ни на земја“, „Седмиот ден“, „Деницијa“, „Дални наковални“, па и оние што мисли допрва да ги напише.

x x x

– Зошто молчиш, Петре?
– Искуството ме научи да молчам на сите јазици!
– Кажи како си, од што живееш?
– Од минатото што го наследив.
– Значи, го знаеме потеклото на твојот имот. Зошто и неофицијално да немаш некоја функција?
– Зашто сите што гаѓаат на поудобни места, ретко го промашуваат животот!
– Но, додека некој да созрее, ти, ми се чини - ќе изгниеш?!
– Секој си има стил на живеење. На пример, глогот и дивјачката, иако зреат најдоцна, сепак претпочитуваат да живеат, или под сенка, или на високо.
– Ти, Петре, секогаш поаѓаш од себе. Но, од каде да појдат оние кои нема од каде-да појдат?
– Ако зборуваме реално, можеш да ми префрлиш за недостиг на фантазија...
– Умен си, Петре, наместо да го претекнуваш времето ти ги претекнуваш современиицитe!
– Па, времето е толку брзо, што за непрописно возење, може да те исклучи од „Сообраќајот“
– Значи, полесно ти е со современиците?
– Полесно ми е само во некои дисциплини. Инаку, познавам многу современици кои ме претекнале на платниот список!
– Зошто некои писатели не одат пред времето, туку – бегаат од него?!
– Зашто за своите најзначајни дела, обично бараат локации крај езеро...
– На кои мислиш?
– На оние кои предвреме ја пензионираат главата, за да им ослободат работно место – на лактите!
– Како ти успева и кога си прозаичен да бидеш – поетичен?
– Ми помагаат пријателите кон кои што чувствувам големи долгови.
– Дали би се согласил оод членовите на ДПМ да составиш – праволигашка екипа?
– Би се согласил, ако ми најдат издавач за нивните „погодоци“!
– Колку членови има, Петре - ДПМ, кои само во крстозборките можат да стојат исправено?
– Сите можат да стојат исправено, но најрешливи се оние крстозборки, во кои писателите се наоѓаат – водорамно!
– Кој систем, според тебе, му бил најблизок на поетот низ вековите?
– Најверојатно на системот за разладување на вината!
– Доста беше, Петре. Басната ја знаеме сите кажи ја само поуката?
– Поуката е – Миодраг Друговац!

Муабетот го водеше – Киро Донев
Објавено во „Вечер“ , на 4.09.1976 .)

**Издавач**
Друштво на писателите
на Македонија

**За издавачот**
Соња Стојменска-Елзесер
(претседател на ДПМ)

**Издавачки совет**
Мито Спасовски
(претседател)

**Редакција**
Трајче Кацаров
(главен и одговорен уредник)
Виолета Танчева-Златева
Делвина Крлуку
Живко Грздановски
Игор Крајчев

**Лектор и коректор**
Виолета Танчева-Златева

**Компјутерска обработка**
Никола Карагунов

**Адреса на редакцијата**
Ул. „Максим Горки“ бр. 18
1000 Скопје, Македонија
Тел./факс: 02/3228-039

**Печати**
„2-ри Август“ Штип

Стожер

Жиро-сметка: 300000000590669
Депонент: Комерцијална банка АД Скопје
ДПМ за „Стожер“
Со решение бр. 02-410/2 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка.Ракописите и фотографиите не се враќаат.
Ревијата излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на РМ